ОКТА
МЕМО

0201- 1113/25-5
29.05.2025

Врз основа на член 25 став 1 точка 2 од Статутот на ОКТА АД – Скопје, а во врска член 487 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на ОКТА АД – Скопје на својата 36-та седница на Годишното Генерално Собрание одржана на ден 29.05.2025 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за одобрување на исплата на дивиденда**

**Член 1**

СЕ ОДОБРУВА исплата на дивиденда од кумулативна акумулираната добивка од претходните години, во вкупен бруто износ од 182.813.760,00 денари (приближно 3.000.000,00 ЕУР) односно дивиденда во бруто износ од 240,00 денари по акција, согласно условите предвидени во Одлуката за утврдување на дивиденден календар.

Дивидендниот календар ќе биде утврден со посебна одлука.

**Член 2**

Акционерите на ОКТА АД – Скопје ќе бидат известени за исплатата на дивидендата преку објава на Одлуката за утврдување на дивиденден календар на интернет страницата на ОКТА и на интернет страницата на Македонската Берза за Хартии од вредност.

**Член 3**

За спроведување на оваа Одлука се задолжува Дирекцијата за финансии.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Годишно Собрание на Акционери
Претседавач

Рафинерија на нафта ОКТА Скопје 0 Акционерско друштво